# К О Д Е К С

## за ученици кои следат настава на далечина

## во ООУ „Мирче Ацев"- Скопје




1. Кодексот на задолжителните морални и професионални норми ги одредува правилата на нашето училиште и мора да го почитуваат учениците, вработените и родителите/старателите.
2. Наставата на далечина ќе се одвива според утврдениот протокол. Наставата започнува во 8.00 часот, а трае согласно со завршувањето на последниот час според распоредот на часови.
3. Распоредот за настава на далечина е истакнат на училишната веб страна. Раководителот на паралелката доставува распоред на часови до учениците.
4. Ученикот се најавува со сопствен меил креиран за настава во далечина во следниов формат ime.prezime.oddelenie@gmail.com
5. Учениците навреме се вклучуваат на часот од далечина, примерно се однесуваат, меѓусебно се почитуваат, не дискриминираат и убаво се изразуваат за време на часот.
6. Се забрануваат непристојни зборови, навреди, вербално или електронско насилство кон наставникот или соучениците.
7. За време на наставата од далечина учениците и наставниците ги користат граматичките и правописните правила на македонскиот јазик. Пред себе имаат учебник, тетратка и останат прибор потребен за наставата.
8. Наставниците и учениците се пристојно облечени за време на часот од далечина.
9. Ученикот не смее да го снима/слика часот и снимката јавно да ја споделува, со цел да се заштитат правата на учесниците.
10. За непочитување на правилата се применуваат педагошки мерки согласно Правилникот за педагошки мерки.
11. Отсуството од часот на далечина се оправдува со доставување на медицинска белешка. Секое отсуство на ученик се евидентира во е-дневник и дневникот на паралелката.
12. Учениците кои немаат техничка опрема за следење на часовите од далечина ќе добијат печатени материјали.
13. Строго се забранува споделување на ID кодовите на наставниците. Се забранува упад на час доколку не е договорен со наставникот.
14. Секој предметен наставник подготвува печатен материјал за учениците кои немаат технички можности да следат настава на далечина и го доставува до раководителот на паралелката во понеделник.
15. Родителот во договорен термин со раководителот на паралелката ги подигнува печатените материјали и ги доставува изработките од ученикот за изминатиот период.
16. Секој наставник има определен термин за комуникација, а родителите и учениците се должни да го почитуваат предвидениот термин.

**Директор**

Ѓурѓица Баталакова

______________________________